**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5580 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 15 октомври 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 ноември 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 18 часа програма на радио).

   ***Забелешка:*** *Поради забраната на ЗАМП за емитување домашна музика, која е во сила во периодот што е опфатен со надзорот, не е направен надзор врз почитувањето на законските обврски* ***за емитување музика*** *(член 92 став 15 од Законот - радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик) и* ***за емитување изворно создадена програма*** *(член 92 ставови 1 и 14 од Законот - радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).*

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 15 октомври 2016 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања** на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***